Уп. бр. 08-35

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Кнор - Бремсе друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Бетовенгасе 43-45, 2340 Медлинг, Австрија, Марио Тутиќ, државјанин на Република Хрватска, XXX и Роберта Латковиќ Тутиќ државјанин на Република Хрватска, XXX, преку Дејан Кнезовиќ, адвокат од Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 09.03.2026 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Кнор - Бремсе друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Бетовенгасе 43-45, 2340 Медлинг, Австрија, Марио Тутиќ, државјанин на Република Хрватска, XXX и Роберта Латковиќ Тутиќ државјанин на Република Хрватска, XXX, ќе стекнат заедничка контрола над Друштво за производство, трговија и услуги ЕКА ДООЕЛ Скопје со седиште на Александар Урдаревски бр. 30-94, Скопје, Република Северна Македонија преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден на ден 09.02.2026 година, а дополнето на 13.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Кнор - Бремсе друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Бетовенгасе 43-45,

2340 Медлинг, Австрија, Марио Тутиќ, државјанин на Република Хрватска, XXX и Роберта Латковиќ Тутиќ државјанин на Република Хрватска, XXX, со која истите ќе стекнат заедничка контрола над Друштво за производство, трговија и услуги ЕКА ДООЕЛ Скопје со седиште на Александар Урдаревски бр. 30-94, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Кнор-Бремсе Австрија развива и произведува системи за железнички возила, вклучувајќи системи за сопирање, системи за врати, системи за сигнализација, компоненти и подсистеми за снабдување со енергија.

Кнор-Бремсе Австрија е сопственик на Друштво за производство, трговија и услуги со назив ЕКА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Александар Урдаревски бр. 30-94 Скопје, со приоритетна дејност: производство на инструменти и апарати за мерење, испитување и навигација.

Г-дин Марио Тутиќ и г-дин Роберта Латковиќ Тутиќ контролираат две претпријатија регистрирани во Хрватска и Србија, имено РМТ ГРУПА доо за трговија и производство, со регистрирано седиште на улица „Јосипа Стрганца“ бр. 4, Загреб (Град Загреб), Хрватска, и Друштво со ограничена одговорност за трговија и услуги РМТ ГРУПА доо Белград, Врачар, со регистрирано седиште на улица Браќа Радовановиќ 19, 6-ти кат, апп. 56, Белград (Врачар), Србија.

Главната дејност на РМТ Групацијата е да ги претставува светски реномираните производители на резервни делови и опрема, кои се користат првенствено во железницата и во други индустрии на домашниот и странскиот пазар.

Г-дин Марио Тутиќ и г-дин Роберта Латковиќ Тутиќ немаат регистрирано поврзано лице во Република Северна Македонија, ниту пак имаат остварено каков било приход на пазарот во Република Северна Македонија.

Деловната активност на ЕКА ДООЕЛ Скопје е развој, производство и продажба на различна опрема за тестирање за секторот на железничката индустрија, како и обезбедување услуги во постпродажбата и одржувањето на предметната опрема.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција

на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**